Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија 202/24), член 2 од Одлуката за формирање на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Чучер Сандево, бр. 08-1464/17 од 28.12.2022 година (Службен гласник на Општина Чучер Сандево број 13/22), член 3 од Деловникот за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот во Општина Чучер Сандево, бр. 08-1681/6 од 24.10.2024 година (Службен гласник на Општина Чучер Сандево број 11/24), Градоначалникот на општина Чучер Сандево го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за избор на членови по објавен јавен повик за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на општина Чучер-Сандево

По спроведениот јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на општина Чучер Сандево од областа на урбанизмот, бр. 11-463/3 од 06.03.2025 година, кој траеше во законски предвидениот период од 11.03.2025 до 11.04.2025 година, од вкупно пристигнати дванаесет (12) пријави од заинтересирани правни и физички лица, единствено шест (6) ги исполнија условите пропишани согласно Одлуката и ја имаат доставено **потребната документација и тоа:**

1. **Здружение за екологија, едукација, претприемништво, спорт и култура 'КрафтКонект Дубица' – Бразда,** преку законски претставник Валентина Кастратовиќ, **бр. 11-770/8 од 09.04.2025 година (здружение на граѓани)**
2. **Здружение за развој на неразвиени подрачја 'Визија' с. Чучер,** преку законски претставник Даниел Шегмановиќ, **бр. 11-770/9 од 11.04.2025 година** (здружение на граѓани)
3. **Стефан Чекаловиќ, бр. 11-770/7 од 01.04.2025 година, стручно лице од областа на урбанизмот**
4. **Маја Кметовска Урдаревска, 11-770/12 од 11.04.2025 година, стручно лице од област суштествена за планирањето и одржливиот развој**
5. **Мартин Алексиќ, 11-770/10 од 11.04.2025 година, стручно лице од област суштествена за планирањето и одржливиот развој**
6. **Убавка Шкакарова, 11-770/11 од 11.04.2025 година, стручно лице од област суштествена за планирањето и одржливиот развој**
7. **Бојана Палифровска, член на Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево**
8. **Игор Поповски, претседател на Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево**
9. **Искра Ефремова, член на Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево**
10. **Анастасија Стајковиќ, заменик член на Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево**
11. **Марија Мошев, заменик член на Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево**

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци.

Партиципативното тело на првата седница од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Работата на избраните лица во Партиципативното тело се уредува со Деловник за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Чучер Сандево, бр. 08-1681/6 од 24.10.2024 година.

Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 46 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, општините во Град Скопје и Град Скопје, што ги одредува Градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓанските активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи граѓани, како и граѓани - стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите области суштествени за планирање и одржлив развој на градот.

Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Согласно член 46 став 4 од наведениот Закон, учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа, учеството е на доброволна основа.

Градоначалникот на Општина Чучер Сандево објави, Јавен повик за пријавување на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на општина Чучер Сандево, бр. 11-463/3 од 06.03.2025 година на веб страната на Општина Чучер Сандево.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци.

Партиципативното тело на првата седница од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Врз основа на претходното, Градоначалникот на Општина Чучер Сандево одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр. 11-770/13
од 13.05.2025 година

ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Сашко Комненовиќ

SAShKO KOMNENOVIKj

Digitally signed by SAShKO KOMNENOVIKj
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4030004559674 + O=OPShTINA ChUChER SANDEVO, OU=OPShTINA ChUChER SANDEVO:4030004559674, G=SAShKO + SERIALNUMBER=CRT3635329 + SN=KOMNENOVIKj + CN=SAShKO KOMNENOVIKj
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025.05.15 13:42:24+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.1